Врз основа на член 370 од Законот за трговските друштва и членовите 65 и 66 од Статутот на ДГ „Бетон" АД Скопје, Одборот на директори со 3 (три) гласа ЗА, ниеден против, ниеден воздржан на 31.08.2020 година ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**За одобрување на големи зделки**
**(за тековно работење)**

**Член 1**

Се одобрува склучување на големи зделки, во висина над 50% (педесет) проценти од книговодствената вредност на друштвото, кои се однесуваат на склучување на Договори за земање на работа.
Се одобрува склучување на големи зделки во висина над 50% (педесет) проценти од книговодствената вредност на друштвото - склучување на Договори за кредитни линии со деловните банки, измена и дополнување на постојните договори за кредитни линии и зголемување на износот на постојните кредитни линии, а во насока за обезбедување на стабилно тековно работење.
Се одобрува склучување на големи зделки, а кои се тесно поврзани со реализација на склучените договори – односно воспоставување на залог на подвижен и недвижен имот, залог на идни побарувања кои ќе настанат врз основа на склучени Договори, издавање на меници за обезбедување на побарување кон комерцијалните банки.

**Член 2**

Се задолжува Одборот на директори на ДГ Бетон АД Скопје, за секоја голема зделка што ќе се склучува согласно член 1 од оваа Одлука, задолжително да носи поединечна Одлука за склучување на големата зделка.

**Член 3**

Оваа Предлог Одлука да се достави до Собранието на акционери на ДГ Бетон АД Скопје на усвојување.

**Член 4**

Оваа Предлог Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до 31.12.2021 година.

**Одбор на директори,**
**Претседател,**
**Минчо Јорданов**